# ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Број 79, **Четврток,** 9.8.2018

СЗПМ
**Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија**


## ОД АКТИВНОСТИТЕ НА СЗПМ, 10-ТА СЕДНИЦА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СЗПМ

# Позитивни финансиски резултати во континуитет

Надзорниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 27.7.2018 година ја одржа 10-та седница, со која раководеше претседателот на надзорниот одбор, Митре Стојановски. На седницата, покрај членовите на надзорниот одбор, присуствуваа и Салтир Каровски, потпретседател на извршниот одбор на СЗПМ, Станка Трајкова, секретарка на Извршниот одбор на СЗПМ, и Петар Андреевски, сметководител во СЗПМ.

На седницата се разгледуваше предлог-финансискиот извештај за остварение приходи и извршените расходи за периодот јануари - јуни 2018 година и информацијата за солидарниот фонд за членарина и посмртна помош за 2017 година.

Воведно излагање за предлог-финансискиот извештај за остварените приходи и расходи во првото шестмесечје од 2018 година даде претседателот на надзорниот одбор. Потоа имаше дискусија во која учествуваа: членовите на надзорниот одбор Нијази Џељиљи и Мирко Данаилов, Салтир Каровски, потпретседател на ИО, Станка Трајкова, секретарка на ИО, и Петар Андреевски, одговорниот сметководител во сојузот. Дискусијата беше конструктивна, а мислењата на дискутантите се вградени во продолжение на текстот. Општата констатација за финансискиот извештај е следната:

Вкупно остварените приходи во периодот јануари - јуни 2018 година изнесуваат 5.935,7 илјади денари, при што е забележан пораст од 9,3 проценти во споредба со истиот период од 2017 година, од кои:

- тековните приходи изнесуваат 4.735.7 илјади денари;
- пренесени средства од 2017 година изнесуваат 1.200 илјади денари.

Вкупно остварените тековни приходи бележат пораст од 5,1 проценти. Во нив доминантна ставка се приходите од членарина, која изнесува 3.987,5 илјади денари, со структурно учество од 84,2 проценти. Споредбено со истиот период од лани, постои благ пораст од 2,4 проценти, што се должи на новоевидентирани пензионери, додека преостанатите приходи (од донации, спонзорства, кобрендирана картичка, проекти, реклами и од продажба на старото возило) изнесуваат 748,2 илјади денари, со структурно учество од 15,8 проценти, и тие бележат пораст од 22,7 проценти во споредба со истиот период од претходната година, што се должи на зголемени приходи по основа на донации, приходи од проекти и друго.

Вкупно остварените расходи во периодот јануари - јуни 2018 година изнесуваат 4.533 илјади денари и бележат пораст од 10,9 проценти во однос на истиот период од лани. Ова значително зголемување се должи на ставката набавка на ново моторно возило, кое изнесува 907,8 илјади денари, додека другите групни ставки бележат мал пад. Во второто полугодие се очекуваат зголемени активности, но оцена е дека планираните трошоци со финансискиот план ќе се реализираат во целост. Од извршената детална анализа на расходите ставки и потставки се добива следниот впечаток:



**Извештајот за работата на СЗПМ реално ја отсликува фактичката финансиска состојба за остварување на приходите и расходите во првото шестмесечје за 2018 година. Извештајот е солидно подготвен, со аналитички пристап, доследно се почитувани финансиските прописи и интерните акти на СЗПМ, а посебно од сите присутни се истакна дека користењето на средствата е наменско, рационално, економично и домаќински**

Ставката функционални расходи, со структурно учество од 46,7 проценти, бележи намалување во споредба со лани и изнесува 11 проценти, но потставките: трошоци за ИО-одбор се зголемени за 72 проценти, како резултат на одржани повеќе седници споредено со лани, трошоците на комисијата за културно-забавен живот бележат зголемување 135 проценти, како резултат на зголемени активности за регионалните и републичката ревија на песни, музика и игри, трошоците за издавање на весникот „Пензионер плус“, кои бележат зголемување за 15 проценти, поради зголемување на цената на печатарски услуги, но другите потставки од оваа група бележат намалување поради тоа што за нив планираните активности се во наредното шестмесечје, како на пример: трошоците за спортски активности, кои бележат намалување од 37 проценти, но се очекува нивно зголемување со реализација на претстојната републичка пензионерска Олимпијада, која ќе се одржи на 2.9.2018 во Радовиш. Исто така, трошоците за репрезентација се намалени за 12,4 проценти, трошоците за наемнина на деловен простор за 21,7 проценти, како и другите материјални расходи, кои се намалени за 14 проценти. Ставката за дневни и патни трошоци е намалена за 60 проценти. Сето ова покажува дека средствата се користат наменски и рационално, според програмата на СЗПМ за 2018 година. Со други зборови, од горенаведените податоци може да се заклучи дека во овој период е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 1.402,8 илјади денари, со што се потврдува континуираното остварување позитивни финансиски резултати во СЗПМ. Како резултат на тоа, надзорниот одбор го прифати предлог-финансискиот извештај во целост, со забелешки во образложението да се дообјаснат одредени ставки и потставки што се со позначително отстапување во однос на лани и оцени дека извештајот реално ја отсликува фактичката финансиска состојба за остварување на приходите и расходите во првото шестмесечје за 2018 година.

Исто така, едногласна е оцената дека извештајот е солидно подготвен, со аналитички пристап, доследно се почитувани финансиските прописи и интерните акти на СЗПМ, а посебно од сите учесници се истакна дека користењето на средствата е наменско, рационално, економично и домаќински.

По однос на информацијата за солидарниот фонд за членарина и за посмртна помош за 2017 година, краток вовед даде претседателот на НО, Митре Стојановски. Во воведот, меѓу другото, тој истакна дека во 2017 година, за оваа намена се издвоени средства во вкупен износ од 441.213,9 илјади денари, а за покривање на трошоците за посмртна помош на 14.676 починати корисници се потрошени 440.280 илјади денари. Од ова произлегува дека трошоците за починатите се исплатени во целост и има остаток во износ од 963,9 илјади денари, а тој е пренесен во наредната 2018 година. Анализирајќи го бројот на корисниците на пензија од кои се издвојуваат средства за солидарна помош и членарина, кој во просек во 2017-та изнесувал 291.592 наспроти во 2016 година, кога овој број изнесува 286.467 корисници, а сега заклучно со мај 2018 година корисниците во просек изнесуваат 294.973, се констатира дека во 2018 година ќе се обезбедат доволно средства и навремено ќе се врши исплатата на трошоците за посмртна помош на семејствата на починатите.

Потоа за дискусија се јавија сите присутни и ја поддржаа информацијата и порачаа до сојузот и здруженијата-членки на сојузот, покрај сегашните цели и задачи, кои секако се од големо значење, да се осмислат и други дополнителни активности што ќе ја зголемат грижата за пензионерите.

Беше констатирано дека придобивките од солидарниот фонд во досегашниот период се покажале како голема финансиска помош за посмртните трошоци на семејствата во тие судбоносни моменти на најблиските, а дека исто толку е битна и задршката од 30 денари од членарина, која претставува основен двигател на пензионерското организирање во третата животна доба, бидејќи со нив се обезбедуваат дружења, отворање клубови, ревии, спортски натпревари, хуманитарни активности, рекреација, творење и ред други активности... Притоа да напомeнеме уште еднаш дека задршката за солидарниот фонд во износ од 120 денари и членарината во износ од 30 денари е доброволна, во согласност со членот 115 од Законот за ПИОМ.

Еве уште некои интересни податоци во врска со оваа проблематика:

Бројките од извештајот за работа на фондот за 2017 година говорат дека во декември 2017 година бројот на осигуреници изнесува 575.574, додека бројот на вкупно корисници на пензија изнесува 312.398 и соодносот е 1,9 осигуреник : 1 пензионер.

Структурата на корисниците на пензија покажува дека најголемиот број се корисници на старосна пензија (197.383).

Учеството на расходите за исплата на пензиите во бруто-домашниот производ изнесува 8,2 проценти. Во декември 2017 година е остварена просечна пензија во износ од 13.954 денари, или за 1,5 процент повисока од 2016 година, што се должи на редовното усогласување, кое изнесува ше 1,59 процент.

**Митре Стојановски, претседател на Надзорен одбор**

РАЗГОВОР СО НИКОЛАЈЧО НИКОЛОВ, КТИТОР НА МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС ВО ОРАОВИЦА

# Големите луѓе прават големи дела



**Ктитор е човек што гради, поправа, издржува и дарува манастирски или црковен комплекс. Она што го гради им го подарува да го користат сите, народот**

Разговорот со Николајчо Николов го водевме во манастирскиот комплекс „Свети Георгиј“, во атарот на селото Ораовица во општината Радовиш, за време на најмасовната пензионерската средба на која учествуваа над 10.000 пензионери.

Најнапред кој е Николајчо Николов?

Тој е дипломиран инженер вработен во рудникот „Бучим“, како заменик генерален директор.. На прашањето како дошло до тоа да стане ктитор на овој духовен комплекс тој ја изнесе својата приказна.

- Мојата желба и идеја се роди сосема случајно. Во манастирскиот комплекс „Свети Георгиј“ со колегите од „Бучим“ многу често одевме на излет при што уживавме во прекрасните сенки на огромните дрвја, во преубавите ливади, во изворите од кои блика чиста изворска вода. Во тоа време во овој комплекс се наоѓаше мала трошна црквичка, еден поголем објект приспособен за верски обреди и една мала трошна куќичка, која порано служела како конак. Очигледно беше дека тука треба нешто да се стори. Со други зборови, се бараше некој што ќе помогне комплексот да биде во хармонија со убавата природа. По одредено размислување и одредени мои пресметки решив да помогнам.

Најнапред со писмо се обратив до МПЦ-ОА и побарав да бидам ктитор. Одговорот од Брегалничката епархија и на г. Иларион, митрополит брегалнички, беше позитивен, на моја, а и на голема радост во моето семејство. На 15.10.2011 година беше поставен камен-темелник и почнаа работите според проект на ГП „Бетон“, а комплексот главно го градеше фирмата ГП „Техника“ чиј сопственик е Наум Петрушевски.

Во изминатите години изградена е убава црква на темелите од црковен храм од 13-14 век, кој постоел тука, според свештеникот Иван Стојменов. Иконите во црквата успешно ги насликаа фрескописците, браќата Тони и Ромео Коцеви. Во манастирската црква тие имаат насликано 438 квадратни метри површина со икони и врски настани, на што се особено горди и тие и јас како ктитор - вели Николов.

Покрај црквата изграден и конак со дваесетина соби, трпезарија и со кујна.

Насекаде по патот до комплексот има клупи и кошници за отпад за природата да остане убава, чиста, во сета своја убавина.

На комплексот „Св. Георгиј“ горди се и поранешниот градоначалник Роберт Велков, но и сегашниот Сашко Николов, бидејќи објектот е поттик за развој на руралниот и на верскиот туризам, како што вели Глигор Стефанов, претседател на Црковниот одбор на селото Ораовица. Според Димче Петров, претседател на урбаната заедница на селото Ораовица, овој духовен комплекс е белег по кој се препознава селото.

-Во изградбата и во оформувањето на комплексот учествувале уште дванаесетмина донатори, спонзори и помагатели на кои сум им посебно благодарен - вели овој скромен човек со големо срце, кој може да им биде пример на многумина.

Понатаму тој вели дека би сакал Ораовица и во иднина да биде место каде што ќе уживаат сите генерации.

-Едно е нешто да се изгради, но многу е битно истото тоа да се одржува. Мојата енергија ќе ја насочам во иднина во таа насока. Се надевам дека така и ќе биде. Ораовица и во иднина ќе биде место каде што ќе уживаат сите генерации. Посебно сакам да ги истакнам соработката и дружењето со пензионерите. Чувствувам голема радост кога ги гледам како секоја година во голем број уживаат во убавините на Ораовица. Ги помагам и нивните активности, кои успешно ги организира раководството на ЗП-Радовиш и Конче и претседателот Јордан Костадинов - вели тој.

ЗП-КОЧАНИ

# Меѓународно признание за Киро Герасимов




Членот на Здружението на пензионерите на Кочани, познатиот новинар, поет, преведувач, публицист и хроничар Киро Герасимов, на осмиот Меѓународен фестивал на поезијата во Сремска Митровица, Република Србија, ја доби наградата „Сончев часовник“, која ја доделуваат домот на културата „Сирмиум“ од овој град и Меѓународниот фестивал. Наградата, како што стои во образложението, му се доделува на Герасимов за книжевното творештво создадено досега и за влијанието врз литературно творештво кај младите. Имено, во месец декември минатата година Герасимов ја преведе од српски на македонски јазик книгата раскази „Весела олимпијада“ од српскиот писател Недељко Терзиќ. Илустрациите во книгата ги направија учениците од ликовната секција во училиштето „Никола Карев“ од Кочани под менторство на професорката Радмила Едровска. Со овој проект, како и со преглед на објавените книги поезија и проза наменети за најмладите и возрасните читатели, Герасимов конкурираше на овој фестивал и доби награда!

Меѓу наградените автори од Европа, покрај Герасимов, се и Виктор Шеќеровски од Белград, Светомир Јовановиќ од Обреновац - Србија и Јуриј Буковски од Руската Федерација.

Во кратката изјава, Герасимов додава дека наградата е резултат на неговата 40-годишна плодна работа како новинар, публицист, поет и преведувач.

Како добитник на ова високо меѓународно книжевно признание Герасимов ја доби Повелбата на општината Сремска Митровица и на Туристичкиот сојуз на оваа општина и стана почесен граѓанин на царскиот град Сирмиум.

Герасимов активно е ангажиран во Здружението на пензионери на Кочани каде што живее и твори во рамките на пензионерските денови.

К.Г.

ЗП-КИЧЕВО

# На екскурзија во Струмица



Во организација на ЗП-Кичево, а според програмата на здружението, поголема група пензионери ја посетија Струмица. Најпрво пензионерите се упатија во посета на црквата „Свети Петнаесет Тивериополски Маченици“, каде што љубезните домаќини на пензионерите им го објаснија патот на доаѓањето на иконата на пресвета Богородица од Света Гора во Република Грција, во црквата во Струмица.

Потоа ја разгледаа црквата и запалија свеќи за здравје, а во убавиот конак беа послужени со утринско кафе.

По посетата на овој духовен објект, кичевските пензионери го посетија центарот на градот, а пред споменикот на Гоце Делчев си направија повеќе фотографии за спомен. Неизоставен беше шопингот во убаво снабдените дуќани во струмичката чаршија, а го посетија и трговскиот центар „Глобал“.

Во вечерните часови пензионерите ја напуштија Струмица и, преку Валандово и Неготино, застанаа на богато снабдениот пазар во Росоман, за да си купат росомански праски, грозје и низи со црвени суви пиперки.

Така заврши еднодневната екскурзија на кичевските пензионери, од кои некои првпат стапнаа во источниот дел на Македонија.

А. Ристоска

ЗП-КРИВА ПАЛАНКА

# На симултанка се дружеа и пензионерите и најмладите



За прв пат во Крива Паланка се одржа симултанка во шах. Според одговорното лице Сашко Додевски, симултанката се одржа во организација на локалната самоуправа на општината Крива Паланка, под раководство на градоначалникот Борјанчо Мицевски. На играта се пријавиле 33 учесници, меѓу кои и група пензионери предводени од Јован Јосифовски, а учествувале 25 играчи.

На учесниците им се обрати градоначалникот Борјанчо Мицевски, кој наедно ги поздрави и го претстави велемајсторот Роналдо Кутиров, кој со своето присуство овозможи да се реализира симултанката. Мицевски најави дека од наредната година Крива Паланка ќе биде организатор и домаќин на викенд-турнир во шах, кој ќе се организира во градовите низ Македонија. Победниците од натпреварите ќе учествуваат на завршниот турнир во Скопје, кој ќе се одржи на крајот на годината. Свое обраќање имаше и Роналдо Кутиров, кој ги соопшти правилата за игра и посака убаво дружење. Се играше активно околу три часа. На крајот, иако немаше победници, сепак, се сумираа резултатите. Пензионерите не изостанаа во постигнување резултати. Најмлад учесник беше Ѓорѓи Цветковски, кој има само единаесет години, а највозрасен пензионерот Ефто Ангеловски, кој има осумдесет години.

За учество во симултанката Мицевски на учесниците им додели признанија, а на велемајсторот благодарница и плакета од општината Крива Паланка.

Настанот се овековечи со една групна фотографија на учесниците со велемајсторот Кутиров. Настанот се одржа во спортската сала на училиштето „Јоаким Крчовски“ и беше проследен од група граѓани и набљудувачи, меѓу кои голем број пензионери.

Б. Стојчевска

ЗП-ПРОБИШТИП

# Членовите на КУД „Весели пензионери“ горди чувари на изворниот фолклор и на традициите



Од 28 јули до 1 август 2018 година, во градот под Пелистер, градот на конзулите и пајтоните се одржа 48-от републички фестивал на песни, ора традиции и обичаи „Илинденски денови 2018“. На 5-те фестивалски вечери настапија 48 фолклорни ансамбли, културно-уметнички здруженија и фолклорни групи од Македонија, Јапонија, Шпанија, Полска, Америка, Северен Кипар, Хрватска, Србија и од Грција. Фестивалот, кој е автентичен фолклорен мозаик од обичаи, песни, ора и носии, годинава ги спои младоста и искуството од сите страни на светот во големиот мерак кон песната и играта. Привилегија беше да се биде дел од едно несекојдневно шаренило од бои, звуци, насмевки и пријателства. Оваа привилегија и годинава ја имаа членовите на КУД „Весели пензионери“ при ЗП-Пробиштип, кои повеќе од четири децении се дел од оваа фолклорна манифестација. Можеби токму затоа водителската двојка ги најави пробиштипјани како ветерани на фестивалот.

Тие, пак, за да го оправдаат епитетот, со својот настап ги пленија публиката и жирито, кои ги наградија со долготраен аплауз.

Како и претходните години, „Веселите пензионери“ од Пробиштип на фестивалот се претставија со изворен фолклор и традиции од Пробиштипско. Ова го прават со желба и цел да го оттргнат од заборав она што го негувале нашите родители, дедовци и баби, како и претходните членови на друштвото.

На 48-то издание на фестивалот пробиштипските пензионери се претставија со еден стар и подзаборавен свадбарски обичај - бричење на младоженецот. Во 20-минутната програма на ракометното игралиште, обичајот беше преплетен со песни и ора и случувања во куќата на младоженецот. Додека траеше обичајот, женско трио ја пееше песната „Забричи се млади младожења“. Следуваше машкото оро „Пробиштипски чочек“, потоа женска осморка и на крајот заедничкото оро со песната „Голема свадба во село“.

По настапот на ракометното игралиште, КУД „Весели пензионери“ имаше настап и во културниот центар „Магаза“, каде што изворниот оркестар се претстави со сплет ора од Пробиштипско, а женското трио со песната „Глас се чуе многу надалеку“. И за овој настап беа наградени со долготраен аплауз.

Инаку, за долгогодишното и успешно настапување на фестивалот „Илинденски денови“ членовите на КУД „Весели пензионери“ се добитници на многу награди, признанија и благодарници, а во неколку наврати се добитници и на највисоката, гранд-наградата.

На враќање, по успешните вечерни настапи на фестивалот, членовите на КУД „Весели пензионери“ во малку опуштена атмосфера го посетија градот под Маркови кули, а потоа свратија и во Ваташа. Овде го посетија спомен-паркот на 12-те ваташки младинци што беа стрелани за време на НОБ во 1943 година. За настанот и за она што му претходело на тоа, пред присутните зборуваше претставникот на боречката организација од Неготино, Петар Стефанов, кој опширно ги презентира настаните пред кобниот ден во 1943 година и стрелањето на 12-те напредни момчиња од Тиквешијата на 16 јуни таа година.

М. Здравковска

ЗП-ПРИЛЕП

# Гешоски - атлетски тренер во деветтата деценија од животот

Интересна и, би рекле, ретка е приказната за Ѓорѓи Гешоски. Тој е пензионер и има 82 години, а сѐ уште е тренер, ги тренира младите атлетичарки и атлетичари на прилепскиот атлетски клуб Стеваноски, поранешен Трети ноември. Сега во Македонија нема повозрасен тренер од него во сите спортови. Нема ниту со подолг стаж. Гешоски е тренер уште од 1960 година, речиси цели 60 години.



Работи во најтешки услови. Напролет, налето и во рана есен го користи спортскиот центар кај Градскиот базен, каде што има импровизирана атлетска патека. Во зима ги користи, се разбира, заедно со атлетичарите, училишните ходници и фискултурни сали. Така е со години и децении. И, како што вели, не му е тешко.

- Планирам да бидам тренер до 100 години. Уште 18 години како тренерот Фрањо Михалиќ, кој беше тренер до 86 години. Тој беше еден од најдобрите тренери во Србија и освојувач на сребрен медал на ОИ во Мелбурн во 1956 година. До пред неколку години, пред да почине, трчаше покрај атлетичарите и ги бодреше. Умре на 95 години, сакам да го надминам. Многупати ме прашуваат колку пари ми даваат за тренинзите, демек за работата. Пари не даваат, ама шеташ. Низ светот шеташ. Околу 12-13 дена бев во Пекинг на ОИ. Во Минхен сум бил. Во Канада на Светско... Не сум бил во Русија - вели Ѓорѓи Гешоски.

Овој вљубеник во атлетиката и воопшто во спортот е роден пред 82 години, во селото Беловодица, близу Плетвар, над Прилеп. По преселбата во Прилеп, уште за време на Втората светска војна, учел во училиштето „Климент Охридски“, средно фискултурно училиште завршил во Скопје и во Земун, а потоа се вработил во Скопје. Како војник бил главен на спортот во дивизијата, а на армиското првенство во Љубљана ги освоил сите први места во атлетските натпревари. Ја завршил и Вишата физичка школа во Скопје, а факултет во Сараево. Му било нудено место да остане во главниот град на Словенија. Одбил, оти сакал да се врати кај родителите и другарите во Прилеп. Атлетиката му станува животна определба. Поседувал природна кондиција, секогаш бил и уште е во постојано движење. Имал понуди да тренира во повеќе клубови, но по формирањето на прилепскиот атлетски клуб Трети ноември, тој станува и сѐ уште е тренер на атлетичарите на овој клуб. Со неговата работа, со неговите инструкции, прилепските атлетичари и атлетичарки имаат освоено повеќе медали на поранешни и сегашни македонски, југословенски и балкански атлетски натпревари. Гешоски ги споменува успесите на двете олимпијки - Даниела Кулеска во Сиднеј и во Атина и Христина Ристеска во Лондон. Третата кандидатка за учество на олимписки натпревар е сегашната Марго Бојаџиева. Според тренерот Гешоски, Марго е надеж за учество во 2020-та на Олимпијадата во Токио. Но не значи дека нема да се појави и некоја друга кандидатка. Марго е дете на прилепчанец и мајка Французинка. Тренира четири години со сестра си. Неа ја планираат за трчање на 1.500 и на 3.000 метри.

За Гешоски атлетиката е и здравје.

- Сум немал здравствени проблеми. Не знам што е инјекција, освен вакцините во војска. Кај лекар одам да земам апчиња за притисок. Водам сметка за исхраната. Не јадам многу месо, повеќе сум на овошје и зеленчук - го кажува рецептот за здрав и долговечен живот овој прилепски спортист.

Автомобил никогаш не возел, а мотор многу кратко, бидејќи имал сообраќајка и одлежал затвор шест месеци, а затворските чувари ги памети по строгоста во тоа време. Оттогаш, и зиме и лете, постојано вози велосипед. Гешоски отсекогаш бил и е против допинг, стимулативни средства во спортот.

-Сега сме најдобро опремен спортски клуб во Прилеп. Имаме добиено многу награди како клуб и поединечно како атлетски спортисти. Благодарение на спонзорот Игор Стеваноски, чии ќерка и син тренираат атлетика, ни беше набавена комплет спортска опрема - вели секогаш расположениот за разговор Ѓорѓи Гешоски.

К. Ристески

ЗП-СТРУГА

# И стружани беа на Илинска Планина



Претседателот на струшкото здружение на пензионери, Милорад Трпоски, и потпретседателот на советот, Аслани Зија, се приклучија на Илинска Планина, во селото Брежани, во селската црква на средбата за одбележување на годишнините од постоењето на ЗП-Демир Хисар и ЗП-Охрид и Дебарца.

На средбата присуствуваа над 400 пензионери и голем број гости, меѓу нив и претседателот и потпретседателот на ЗП-Струга, а обраќање имаа претседателот на охридското здружение Ѓорѓи Трпчески, како и претседателот Пере Петрески од здружението на пензионери Демир Хисар, а од името на СЗПМ Димитрије Богатиновски, член на ИО на СЗПМ.

- По поздравните говори на претставниците на здруженијата и на гостите, имаше интересна културно-уметничка програма, во која настапија гостите од КУД „Врање“, „Солидарност-Аеродром“, како и пејачко-игроорната група од Демир Хисар како домаќин - ни рече Трпоски.

На домаќинот на Илинска црква, односно на манастирот „Свети Илија“, Стојан Спироски, му беше врачена благодарница, за неговиот несебичен придонес за добрата организација на оваа убава пензионерска средба.

Средбата по повод годишнините на двете здруженија беше збогатена со поетско читање творби од пензионери присутни на прославата, потоа следуваше богата програма со музика, песни и игри, за што се погрижија групата гости „Црешево топче“ од Крушево.

С. Кукунешоски

ЗИТ-КИП ТЕТОВО

# Отчетноста - гаранција за успех

Најмалку двапати во годината надлежните органи во Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија во Тетово ја разгледуваат реализацијата на годишната програма за работа и притоа ги анализираат причините за евентуалните тешкотии, проблеми и недостатоци што се јавиле во тој период. Оваа практика се применува подолго време, а има за цел не само информирање за стореното туку и за преземање соодветни мерки за збогатена активност. Спроведувајќи ја оваа практика, направен е осврт на првото полугодие од тековната година. Гидо Бојчевски, претседател на ЗИТ-КИП Тетово, информира дека во сите овие активности се вклучени и претседателите на месните организации, чиј придонес исто така е голем.

Во центарот на вниманието во овој период е снабдувањето на членството со огревно дрво. Ова здружение веќе десет години склучува договори со „Македонски шуми“ - подружница „Лопушник“-Кичево, преку која се обезбедуваат над 2.000 кубни метри огревно дрво за сите пријавени над 300 инвалидски и семејни пензионери.

- Поаѓајќи од стандардот на пензионерите, овозможуваме исплатата да се одвива на рати, а доставата на огревното дрво до домовите на корисниците бесплатно. Ова е наш придонес во снабдувањето со огревни дрва за пониски цени, а притоа да го олесниме превозот до домовите - додава Бојчевски.

За првите шест месеци веќе се обезбедени и доставени околу 400 кубни метри, а во најскоро време ќе бидат доставени сите договорени количества.

Исто така, ЗИТ-КИП Тетово има склучено договори за бањско-климатско лекување со сите бањи во Македонија, со намаление од 10 отсто од редовната пансионска цена.

Бојчевски вели дека во наредните месеци ќе се организираат спортски натпревари, екскурзии, одбележување празници, особено ќе има активности по повод Неделата на хендикепирани.

Сепак, најактуелни годинава ќе бидат изборните активности, кои се планираат да се одржат во последните три месеци на тековната година. Избори ќе се одржат во сите месни организации, а кон крајот на декември и конститутивна седница на новиот состав на собранието.

Г. Ефтоски

ЗП-ВЕВЧАНИ

# Вевчанката Лида Даскалоска најдобра на „Ѓомлезијада - Годивје 2018“

Во селото Годивје, во општината Дебрца, на 22 јули 2018 година, се одржа манифестацијата „Ѓомлезијада - Годивје 2018“, која беше вистински предизвик за очи и душа. Тоа беше сенародна слава, во историски прославената општина Дебрца, на која присуствуваа голем број жители, гости, роднокрајци, иселеници што се тука за време на летните одмори, но и странски туристи, кои слушнале за настанот, па дошле да го посетат.

Манифестацијата започна уште рано наутро, со приготвување на народниот, локален специјалитет - ѓомлезец, меѓу населението познато јадење и како „тури потпечи“ или „кашаник“.

Вевчанката Лида Даскалоска го направи најубавото ѓомлезе, за што беше наградена со 10 илјади денари. Рака Крстаноска од Ботун, за освоено второ место, доби парична награда од 7.000 денари, а за третата награда, Родна Трајческа доби 3.000 денари.

Забавата беше збогатена со настап на фолклорни ансамбли од земјата и од странство.

Истиот тој ден заврши активностите и од 34-та по ред ликовна колонија „Дебрца“-2018“, па и тие им се придружија на славениците во селото Годивје на „Ѓомлезијадата“, заедно со градоначалникот на општината Дебрца, Зоран Ногачески.

Стојан Кукунешоски

СП-СТРУГА

# Промоција на собраното творештво на струшкиот пензионер Димитрие Дурацоски



На 27 јули 2018 година, во рамките на шестото издание на фестивалот „ДримОН“, беше промовирано собраното творештво на познатиот писател и сликар Димитрие Дурацоски од Струга, сега пензионер.

Станува збор за реизданија на познатите дела „Тајна историја црни пророци“, „Бели сенки, далечни гласови“ и „Инсомнија“. Творештвото на Димитрие Дурацоски е од исклучително значење за македонската литература. Сосема заслужено, Дурацоски е добитник на голем број книжевни награди и признанија во Македонија и надвор од нашите граници. За романот „Инсомнија“, објавен во 2001 година, Димитрие Дурацоски ја доби престижната награда „Рациново признание“.

Промоцијата се одржа во центарот за култура „Браќа Миладиновци“ во Струга, каде што и работеше. Инаку, Дурацоски е познат сликар и писател, добитник на наградата „8 Ноември“ на градот Струга во 1988 година, од областа на културата и уметноста. Од 1988 година е член на Друштвото на писателите на Македонија. Во текот на изминатите години реализирал повеќе самостојни изложби и соработувал со многу домашни и странски ликовни уметници.

За четирите дела на Дурацоски зборуваа приредувачот на избраните дела на Дурацоски, Живко Грозданоски, со видеопораки, Никола Гелевски, Оливера Ќорвезироска, Елизабета Шелева и Тихомир Јанчовски. Промоцијата беше во организација на „ДримОН“, во соработка со издавачката куќа „Темплум“.

С. Кукунешоски

МАКЕДОНСКИ БРОД

# Војкан Кузманоски беше голем човек, многу поголем од многумина околу него

Војкан беше инвалидски пензионер. Комшија. Состојба - Даунов синдром.

- Милчо, оди си во пензија - ќе ми речеше уште додека работев, веројатно чувствувајќи ги благодатите на пензионерскиот живот.

Сакаше да помага. Кога цепевме дрва им го наоѓаше крајот на „тегавите“, како што ги викаше потешко цепливите.

Беше милослив кон децата од улицата.

- Сакам друштво - ќе ми речеше кога одморавме во дворот. Или:

- Ајде сега да се напиеме „црно и топло“ - така го викаше кафето.

Но, човечката пакост и злоба се бескрајни! И неискоренливи! Уште кога работел во земјоделската задруга во селото, на некои од другите вработени им служел за забава, си поигрувале со него, им служел за подбив. На тој начин си го „разубавувале“ времето. При растовар, другите носеле по една вреќа, а нему ќе му ставеле по две вреќи на грбот. Некогаш непрокопсаните ќе му давале алкохол и го поднапивале... Затоа неговите најблиски и по пензионирањето му ги ограничуваа контактите со луѓето, а тоа нему многу тешко му паѓаше бидејќи многу сакаше да се дружи со луѓето. И можеби беа во право. Сакаа да го заштитат од нечовештината. Тој, добродушниот и мирниот Војкан Кузманоски, беше голем човек, многу поголем од многумина околу него што се забавуваа со неговата несреќа.

Д-р Милчо Тренкоски

ОД ЖИВОТОТ ОКОЛУ НАС

# Другарки

Еден ден од неделата редовно ја посетувам мојата тетка сместена во еден од старските домови во Скопје. Таа остана да живее сама, бидејќи нејзините деца живеат и работат во странство. Секогаш кога ќе отидам во домот и ќе се појавам на вратата од нејзината соба, нејзиното лице светнува, а таа ме прегрнува со зборовите: „Мила моја, ти пак дојде“. Со нејзината прегратка таа ми пренесуваше силна позитивна енергија, која ми траеше цела недела. Јас, по обичај, ѝ носев работи што таа таму ги немаше и за тоа беше многу среќна. Често знаеше да ми каже дека јас сум нејзината последна надеж.

Одејќи во домот, ги запознав и другите станари, на кои понекогаш им давав понекоја дреболија за да ги израдувам. Им носев ѓевреци, цигари, пенкалца, весници, а им го носев и секој број од пензионерскиот весник „Пензионер плус“. Беа среќни кога ќе им го подарам сето тоа, а уште посреќна бев јас, бидејќи насмевката на нивните лица ми беше голема награда и ми помагаше да се справам со многу нешта што понекогаш ми изгледаа големи и непремостливи. Гледајќи ги нивната радост и задоволство, ми се потврдуваше една голема вистина дека малите нешта носат среќа. Ми беше јасно и зошто сегашното време се вика „презент“ или подарок. Навистина е тоа голема вистина.

Собата во домот, мојата тетка ја делеше со уште една нејзина врсничка. Тие двете се беа толку зближиле, ќе помислиш дека се другарки од детството.

- Тетка ти ме научи да плетам. Отсекогаш сум сакала да научам, ама секогаш ми недостигаше време. Види колку работи сум исплела за изложбата што ќе биде организирана во домот. Самата одлучив да дојдам во домот, за разлика од многумина, кои велат дека не дошле тука по своја волја. Имам три сина со оформени семејства. По делбата, на најмалиот му го дадоа целиот имот за да живеам со него и да се грижи за мене. Сѐ беше убаво и сложно. Му помагав во домашните работи, се грижев и за внуците. Ги испраќав и дочекував од училиште. Понекогаш знаев и да им приготвам нешто за јадење. Да им испржам палачинки, да им направам пита... Синот и снаата вредно работеа и ми беа благодарни за сѐ што правев за нив. Но, животот не оди сѐ по наша желба. Децата растеа. Се создаваа разни проблеми: секој сакаше да има своја соба, свој интегритет и свој мир. Се прашував како да го решам проблемот, а никој да не биде повреден. Кај нас сѐ уште е стариот обичај за старите родители да се грижат децата. Еден ден се сретнав со ќерката на една моја пријателка, која ми раскажа дека мајка ѝ е во дом за стари и дека е задоволна што се дружи со свои врсници. Размислив и решив. И не згрешив - ми вели и со гордост ги реди плетените работи на својот кревет нејзината цимерка.

Тетка ми ја слушаше и одлучи и таа да сподели нешто за нивното пријателство.

- Да, јас ја научив да плете, ама таа секој вечер ми чита весници и книги што таа си ги донесе во домот... Некогаш ми го чита и текстот на филмот што заеднички го гледаме на овој телевизор што го имаме во собата и не мораме да одиме долу во заедничката занимална и да им пречиме на другите. Мене во последно време ми се намалува видот, па, така, двете заедно ги „користиме“ нејзините очи. Домот е нашиот втор дом. Добро ни е бидејќи има кој да се грижи за нас. Тука имаме многу пријатели. Вака е најдобро за сите - раскажа тетка ми.

Ете, оттогаш изминаа цели шест години... Потоа двете другарки ме испратија до дворот...

Маја Белева

ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: Калина С. Андонова од СЗПМ

Александар Димковски и Ненад Андонов од „Нова Македонија“